ТАРИФА за кредит со еднократна отплата “ТИГО” на ФД ТИГО ФАЈНАНС ДОО Скопје.

| | |
|---|---|
| Расположлив износ | од 500 МКД до 180.000 МКД |
| Рок на кредит | 30 дена |
| Договорна каматна стапка (се пресметува од износот на главницата) | 12% фиксна годишна каматна стапка (1% месечна) |
| Провизија за администрирање | **2,90%** од износот на главницата |
| Провизија за неисполнување на договорните обврски | 3 дена грејс период / 3% дневно од неплатена доспеана главница |
| Провизија за приоритетен трансфер на пари на трансакциска сметка | 100 МКД |
| Провизија за потврда за состојба на кредит (која не претставува Амортизационен план) | 500 МКД |
| Провизија за потврда за отплата | 300 МКД |
| Провизија за писмена опомена | 300 МКД<br>за секоја писмена опомена за договор за кредит склучен заклучно со ден 14.11.2022 година |

1. Со оваа тарифа Кредиторот ги утврдува провизиите и трошоците за кредитот во моментот на одобрување на кредитот.
2. Корисник на кредит кој за првпат користи кредит кај Кредиторот, му е овозможено да не ја плати договорната камата и провизијата за администрирање на кредитот, утврдени во оваа Тарифа, доколку кредитот го отплати навремено и согласно договорените рокови.
3. Провизијата (%) за неисполнување на договорни обврски е одредена врз основа на тоа кога корисникот склучил договор за потрошувачки кредит, односно прилог/анекс кон договорот за кредитен лимит, дали заклучно со 31.03.2020 година или по 23.09.2020 година или пак во периодот од 01.04. до 23.09.2020 година (вклучително и овој датум). Доколку прилогот/анексот за кредит е склучен до 31.03.2020 година или по 23.09.2020 година, провизијата е 3% дневно од неплатена доспеана главница. Доколку прилогот/анексот за кредит е склучен во период од 01.04. до 23.09.2020 година, тогаш провизијата е 2% дневно пресметано од неплатена доспеана главница. Доколку корисникот побарал трансформација на начинот на отплата на прилогот/анексот за кредит склучен во период до 31.03.2020 година или во периодот од 23.09.2020 заклучно со ден 02.11.2022 година, провизијата е 5% дневно од неплатена доспеана главница од месечната отплата.
4. Во случај Корисникот на кредит да одбере дополнителна услуга Провизија за исплата во готовина во подружница и/или Провизија за итно процесирање и истите ги додаде на износот на главницата на кредитот, Провизијата за администрирање и договорната каматна стапка се пресметуваат на зголемениот износ на главница која го вклучува износот на Провизијата за исплата во готовина во подружница и/или Провизија за итно процесирање.

ТАРИФА за дополнителни услуги за кредит со еднократна отплата “ТИГО” на ФД ТИГО ФАЈНАНС ДОО Скопје.

| | |
|---|---|
| Провизија за итно процесирање (апликацијата се процесира веднаш наместо стандардниот рок за процесирање од 14 дена) | 10% од износот на главницата<br>*доспева за наплата веднаш по склучување на договорот за кредит |
| Провизија за исплата во готово во филијала | 7% од износот на главницата<br>*доспева за наплата веднаш по склучување на договорот за кредит |
| Провизија за продолжување на рокот за отплата на кредитот (% од износот на главницата во моментот на продолжувањето) | 7 дена - 8%<br>14 дена - 12 %<br>30 дена - 18% |

1. Со оваа тарифа Кредиторот ги утврдува провизиите и трошоците за користење на незадолжителни дополнителни услуги по барање на Корисникот.
2. Корисник на кредит кој за првпат користи кредит кај Кредиторот, му е овозможено да не ја плати Провизијата за итно процесирање на кредитот и Провизијата за исплата во готово во подружница, утврдени во оваа Тарифа, доколку Корисникот одбрал користење на таква дополнителна услуга и доколку кредитот го отплати навремено и согласно договорените рокови.
3. За кредит со избрана мулти опција, доколку Прилогот/Анексот е склучен во период од 01.04. до 23.09.2020 година (вклучително и овој датум), тогаш провизијата (%) за одложување на рокот на отплата на Прилогот/Анексот за кредит изнесува од 5%-14.8% од преостанатата главница, во зависност од преостанатиот период за отплата на кредитот.

* Надоместоците кои ги пресметува Кредиторот и влегуваат во стапката на вкупни трошоци (СВТ) се: (1) договорната камата и (2) провизијата за администрирање. Провизиите за дополнителни услуги предвидени во оваа Тарифа не влегуваат во стапката на вкупни трошоци и самостојно или во комбинација со било кои надоместоци кој не влегуваат во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци, не може да надминат 60% од износот на одобрениот кредит.

Трговскиот бренд "Tigo.mk" е во сопственост на Финансиско друштво ФД ТИГО ФАЈНАНС ДОО Скопје. Работењето на ФД ТИГО ФАЈНАНС е регулирано согласно „Законот за финансиските друштва" и е одобрено од страна на Министерството за финансии со Решение бр.13-6093/4.